Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА КУМАНОВО - KOMUNA E KUMANOVËS

Бр.-Nr. 01-9813/3
03.10. 2024

Врз основа на член 2 од Правилникот за утврдување на постапката за прибирање и разгледување на предлог- проекти за организирање на културни манифестации во Општина Куманово за 2024 година, донесен од страна на Градоначалникот на Општина Куманово, бр.01-9813/1 од 03.10.2024 година, Општина Куманово објавува

Арх.знак
Nё akta ______ shenja arkivore ______
Рок на чување
Afati i ruajtjes ______ Потпис
______ 20 ______ год./viti Nënshkrimi
Куманово

## ЈАВЕН ПОВИК

### за прибирање предлог- проекти за организирање на културни манифестации во Општина Куманово за 2025 година

Со цел унапредување и развој на културата во Општина Куманово,како и успешна реализација на Програмата за културни манифестации за 2025 година, се повикуваат сите јавни установи, здруженија, фондации и други правни лица кои имаат имаат цели, задачи или регистрирана дејност од областа на културата или социјално-хуманитарна дејност, да пројават интерес на овој јавен повик, исполнувајќи ги следниве услови:

1. **Критериуми**

Како подносители на предлог-проекти за организирање на културни манифестации во Општина Куманово за 2025 година можат да се јават: јавни установи, здруженија, фондации и други правни лица кои имаат цели, задачи или регистрирана дејност од областа на културата или социјално-хуманитарна дејност, а кои ги исполнуваат следните критериуми:

- да се регистрирани како јавна установа, здружение на граѓани, фондација и други правни лица кои имаат цели, задачи или регистрирана дејност од областа на културата или социјално-хуманитарна дејност, согласно законот и истите да се со седиште на територија на општина Куманово како матична општина;
- да придонесуваат за збогатување на културниот живот во општината;
- да придонесуваат за зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Куманово;
- да го поттикнуваат и афирмираат локалното творештво на локалните уметници;
- да се грижат за унапредување на соживотот меѓу заедниците;
- да обезбедат континуитет на традиционалните културно- уметнички манифестации кои се од локален карактер;

2. **Потребна документација**

Подносителите на барања потребно е да достават:

- барање со основни информации за подносителот (име на организацијата, адреса, телефонски број, е- маил адреса, лице за контакт);
- трансакциска сметка на здружението;

Scanned with CamScanner

- краток опис на организацијата, предлог-проект за конкретна манифестација, опис на активностите кои ќе се преземат и придонесот од наведената манифестација;
- потребен буџет како и опис на потребите од буџетот;
- доказ за регистрација за вршење на дејност со седиште на територија на општина Куманово (тековна состојба од Централен регистар)

**Еден подносител може да достави еден или повеќе предлог-проекти.**

**Секој предлог-проект потребно е да биде доставен со посебно барање и посебен архивски број.**

3. **Рок и начин на доставување на барањата**

Јавниот повик ќе биде објавен на официјалната веб страна на Општина Куманово www.kumanovo.gov.mk ќе трае 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето.

Барањата со целокупната документација се доставуваат во писмена форма до општинската архива со назнака „До Општина Куманово, Одделение за култура и спорт, за Јавен повик од областа на културата".

Барањата кои ги исполнуваат условите, а кои ќе бидат од најголем интерес за развој и унапредување на културата во градот, ќе бидат дел од Програмата за културни манифестации за 2025 година.

CS Scanned with CamScanner